ЗАПИСНИК

Од одржаната 39-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 11.12. 2023 г. со почеток во 10:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска – раководител, Николина Лозановска – советник и Павлина Таневска - соработник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 38-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година;
3. Разгледување и донесување на Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;
4. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
5. Разгледување и усвојување на Програма за начинот на изведување на училишните екскурзии и други слободни активности за учебната 2023/24 год. и донесување на Одлуки;
6. Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;
7. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Новата 2024 година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици);
8. Разгледување на Барање од Здружение на граѓани „ФК Пелистер Ветерани Профи“ за финансиска поддршка во организирање на спортски настани;
9. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 39-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска предложи, Дневниот ред да се измени и дополни со дополнителни 2 (две) точки:

1. Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко - планска документација;
2. Разгледување на Барање од Месна заедница с.Далбеговци за решавање на проблемот со уличното осветлување.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** го прифати дополнувањето на Дневниот ред.

На тој начин Дневниот ред на 39-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 11 (единаесет) точки, со тоа што точката бр. 9 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 11.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 39-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за**.

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 38-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 38-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за**.

2 точка: Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година

Раководителот Летка Јовановска, ја образложи потребата од измена и дополнување на Програма за уредување на градежно земјиште која е неопходна поради усогласување со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци гласаше по однос на ова прашање така што со **8 гласа за** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-105/8 од 31.01.2023 година.

3 точка: Разгледување и донесување на Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;

По однос на третата точка збор зеде Павлина Таневска – соработник, која пред советниците даде објаснување за потребата за донесување на Одлуката со која се определува пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште, а која се донесува од страна на Советот, секоја година како што е наведено во законската регулатива. Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката која е донесена во 2013 год.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за определување на пазарната вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;

*****Советничката Сузана Јовановска присуствуваше во разгледувањето и гласењето на третата точка (најавено задоцнување пред почетокот на седницата)

4 точка: Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

По однос на четвртата точка збор зеде Оливера Димитровска - раководител на финансии, која пред советниците ја објасни пренамената на средствата, која се прави од причина што финансиите од основниот буџет на Општина Новаци предвидени за исплата на регрес на вработените во образованието и градинката, ќе се пренаменат затоа што со одлука на Влада на РСМ финансиите за регрес на наведените вработени ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ поточно од соодветните министерства. Но соодветно со пренамената на буџетот на Општина Новаци за 2023 год. потребно е да се направи измена на Финансиската Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 год. во накраток временски период т.е на наредната седница на Советот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

5 точка: Разгледување и усвојување на Програма за начинот на изведување на училишните екскурзии и други слободни активности за учебната 2023/24 год. и донесување на Одлуки;.

ООУ „Славко Лумбарковски " достави Програма за начинот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности за учебната 2023/2024 г. за III, VI и IX одделение, а за која Општина Новаци, треба да даде позитивно мислење по добиеното позитивно мислење од страна на Бирото за развој на образованието.

Советот на општина Новаци по кратката дискусија гласаше поединечно за секое одделение и со **9 гласа за** даде позитивно :

- Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски" - Новаци, за учебната 2023/2024 година;
- Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски" - Новаци, за учебната 2023/2024 година;
- Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзија и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски" - Новаци, за учебната 2023/2024 година.

6 точка: Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;

Советниците добија информација дека секоја година се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола започната од 20218 год., а се однесува на заедничко вршење на работи од противпожарна заштита, што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на Општина Новаци како и задолжително учество во финансирањето од страна на Општина Новаци со вработување на 4 лица во согласност со Законот за пожарникарство.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола.

7 точка: Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Новата 2024 година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици);

Советот на Општина Новаци и оваа година се одлучи да се одобри финансиски средства со кои ќе се одбележат престојните празници: Нова година, Божиќ и Богојавление.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Нова година, Божиќните празници и празникот Богојавление (Водици).

8 точка: Разгледување на Барање од Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ за финансиска поддршка во организирање на спортски настани;

Советот го разгледа Барањето од Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“, и како нивен долгогодишен подржувач и овој пат **едногласно** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани ФК „Пелистер Ветерани Профи“ Битола во износ од 10.000,00 ден.

9 точка: Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација;

Летка Јовановска – раководител, пред Советот на Општина Новаци даде објаснување за потребата од вклопување на бесправно изградениот објект: индивидуална семејна куќа и помошен објект на лицето Оливер Јолевски жител на с. Добромири, бидејќи Општина Новаци нема изработено урбанистичко - планска документација за наведеното село.

По кратката дискусија Советот на општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација.

10 точка: Разгледување на Барање од Месна заедница с. Далбеговци за решавање на проблемот со уличното осветлување.

Советот го разгледа Барањето од жителите на с. Далбеговци кои подолго време се соочуваат со проблемот со уличното осветлување. Имено при непогодни временски поради спој на жиците настанува целосен прекин на осветлувањето. Додека траеше расправата меѓу советниците, Градоначалникот Стевановски контактираше со ЕВН и доби информација дека нивна екипа веднаш ќе излезат на терен и во најкус можен рок ќе го санират проблемот.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Заклучок за усвојување на Барање од МЗ Далбеговци.

11 точка: Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дневниот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 39-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска